## КЛАБИНГ ИНФО



*Летечки Пекинезери*

Викендов почнува со вечерашниот концерт на "Летечки пекинезери" во 21 ч. во **киното "Фросина" во МКЦ**. Џез-составот се враќа по неколкугодишна пауза и вечерва премиерно свири како квинтет. На концертот ќе го претстави материјалот кој ќе се најде на неговиот прв албум и за кој е планирано да излезе во текот на годинава. Квинтетот "Пекинезери" е во состав: Бојан Петков на гитара, Иво Солдатовиќ на кларинет, Кирил Туфекчиевски на контрабас, Славчо Коцев на тапани и Петар Христов - тенор-саксофон. Цената на влезниците е 200 денари.

●●●●●

По промотивните концерти во Тетово, Прилеп и на **"Канал 103"**, кумановскиот алтернативен рок-бенд "Саунд полушн" утре во **"Ла Кања"** (22 ч.) концертно ќе го промовира својот деби-албум "Дали некој го знае одговорот" (Does Anyone Know The Answer). Покрај нив, вечерта ќе настапи и "А Венус флај трап", гаражен постпанк-бенд составен од членови кои имаат повеќегодишно искуство во најразлични проекти. Цената на влезниците е 150 денари.

●●●●●

Белградскиот бенд "Штутгарт онлајн" има уште два концерта од тековната македонска турнеја насловена "Февруарски поход". Супердуото составено од Бојан Слачала (бас и вокал) и Марко Баршиќ (тапани и вокал) вечерва свири во клубот **"Апореа"** во Прилеп, а турнејата ќе ја заврши утре во **Домот на младите во Штип.** Предгрупа на двата концерта ќе биде скопската група "Ха, ха, ха" за промоција на својот деби-албум.

"Штутгарт онлајн" е еден од најинтересните состави во регионот и нови херои на српската алтернативна сцена. Кај нас е за промоција на одлично оценетиот деби-албум "Радост во секое домаќинство" (Радост сваком домаћинству), како и на дел од песните што ќе се најдат на неговото второ издание.

●●●●●

Пред издавањето на четвртиот студиски албум, "ТБ Трачери", еден од најдобрите рокенрол бендови во државата, ќе одржи концерт во клубот **"Ефект"** во Виница. Концертот е вечерва, почнува на полноќ, а пред "Трачери" ќе настапи локалниот бенд "Орце Проф енд д бенд". Настапот е за промоција на дел од новиот материјал, како и за најдоброто од претходните. Цената на влезниците е 70 денари.

Вечерва во **кафе-книжарницата "Магор"** во Скопје џез-гитаристот Тони Китановски ќе има настап во живо.

●●●●●

Седмото издание на транс-настанот "Враќање кон ритуалите" (петок, клуб "**Динамик"**, Железничка станица) е за промоција на материјалот од новиот албум на македонскиот транс-артист Јудиштира, најавен да излезе во јуни за "Вертиго рекордс". Јудиштира ќе има настап во живо и диџеј-сет, а покрај него, диџеј-сетови ќе имаат и Ж´ба од бендот "Аутмајнд" и Бен. Чилаут интро-сет ќе има Албиорикс, а предзабавата (од 18 до 24 ч.) е во **"Баба бар".**

●●●●●

Скопскиот клупски викенд стартува со забавата "Дримворлд" вечерва во **Капан ан.** Бектубек сет ќе имаат Мартчин и Јане ("Оф поп"), а диџеј-сетови ќе имаат и Андреас Херц, и Кинџо ("Битнекс"). Забавата почнува на полноќ. Вечерва во **"Дамар"** Љупа ќе има диџеј-сет, Соња Исмаил и Саша Павловиќ ќе бидат во **"Ла Кања"**, а Марски вечерва има видеодиџеј-сет во клуб-ресторанот **"МКЦ"**. Утре во **"Папаја"** се Илина Ангеловска и Зоки Бејбе. Во клубот **"Сектор 909"** вечерва се Флудер и Стојче, а утре Александар Мискоски и Чедо.

**i.iliev@vest.com.mk**

УШТЕ ЕДНА ВЕСЕЛА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Сашко ни ги затегна стомачните мускули од смеа



*Им ја размачка шминката на жените што се смееја до солзи.- Водителот Сашко Коцев*

"Златна бубамара на популарноста" оваа година се претвори во стенд ап комеди шоу на Сашко Коцев, и тоа на големо задоволство на публиката во Универзалната сала. Завчера "Златна бубамара" се одржа по 14. пат. На мажите, Сашко им ги затегна стомачните мускули од смеење, а на жените што се смееја до солзи им ја размачка шмин-



*Пејачка и албум на годината.- Калиопи*



*Влатко Илиевски има концерт на годината.- Со моделот и водителка Марјана Станојковска*

ката. До толку беше добар.

Во недостиг на големи музички ѕвезди кои сме навикнале да ги гледаме во шоуто, водителот беше најголемата. "Водете љубов, а не политика" беше темата на годинешнава "Бубамара". Затоа Коцев ни зборуваше на теми кои се строго љубовни, од свој агол. За љубовта на македонскиот амбасадор во Австралија, за модерната војска во Авганистан која се бори за љубов, за геј-браковите... Сашко се праша дали новите украински автобуси одат во пакет со Украинки кои играат на шипка и се пошегува на сметка на "евтиниот" паркинг.

Во музичкиот дел изненадија браќата Кошулчеви: Кирил Поп-Христов, Ачек и Мио со својот бенд ДНО и Ана Костовска. Викторија Лоба испеа руска романса, Бени и "Нонстоп" нè потсетија на вистинската приказна за македонскиот "Цимер". Ги слушнавме Џорлев, Митевски и "Златно славејче" со последната песна од Тоше, а Калиопи со баладата "Ако уште еднаш падне снег" (Ако још икад падне снијег). Кемал Монтено ја разнежи публиката со "Кој да ти каже, Ивана", а Тони Зен ја рапуваше својата химна за Горан Пандев. Јанко Узунов нè врати во времето кога бил "Момчето со мандолина". За крај се споија традиционалното и модерното во заедничка точка на "Мајовци", КУД "Орце Николов" и балетското студио "Ребис". Сашко Коцев дебитираше во улога на оперски пејач. Заедно со женскиот хор "Мелизма", ја изведе "Одата на радоста", како порака дека има надеж. Во време на криза и протести, "Златна бубамара" го оправда рекламниот спот "Доаѓа светлина". Сценариото и режијата, кои по 14. пат го развеселија народот, се на Ранко Петровиќ и тимот на Радио Бубамара. Снимка од шоуто ќе емитува телевизијата "Канал 5", вечерва во 20 часот.

***М. Џаровска***

***Фото: О. Теофиловски***



*Глас и става.- Викторија Лоба во руска романса*



*Никола Ристановски е актер на годината.- Со сопругата*

## Наградени

Калиопи е пејачка на годината, а нејзината "Порака" - албум на годината. Хит на годината е "Сè уште сонувам дека сме заедно" (Још увијек сањам да смо заједно) на Тоше, а група на годината се Бени и Нонстоп. Влатко Илиевски доби награда за концерт на годината. Викторија Лоба е откритие на годината, а Јанко Узунов доби награда за трајни вредности. Кемал Монтено и КУД "Орце Николов" беа наградени за животно дело, а Македонскиот балет, балетското студио "Ребис" и "Танец" се амбасадори на македонската култура. Горан Пандев беше прогласен за народен херој на Македонија. "Бекстејџ" на "Сител" и "Тротоар" и "Зевзекманија" на "Канал 5" добија награди за ТВ-емисија. Венко Андоновски доби награда за најдобра колумна. Најдобри актери се Јелена Јованов и Никола Ристановски, а претстава - "Хамлет".



*Браќа Кошулчеви: Кили, Мио и Ачек во македонска верзија на "Мама" од "Квин"*